# ИЗВЕСТИЯ

НА ИСТОРИЧЕСКИЯ МУЗЕЙ – ШУМЕН

**КНИГА 16**

---

# PROCEEDINGS

OF THE MUSEUM OF HISTORY – SHUMEN

**BOOK 16**

Шумен, 2014

*Издава се с финансовата подкрепа*
*на Министерството на културата*

© Проф. д. и. н. Вера Бонева, отговорен редактор, 2014
© Редакционна колегия: проф. д-р Пере Аслимоски, проф. д-р Мирела Мазилу, доц. к. и. н. Алмас Исмаилова, гл. ас. Бета Хараланова, проф. Валентин Плетньов, доц. д-р Дочка Аладжова, доц. д-р Ангел Гоев, доц. д-р Светла Димитрова, 2014
© Ива Симеонова, литературен редактор, 2014

**ISSN 0861–9581**

РЕГИОНАЛЕН ИСТОРИЧЕСКИ МУЗЕЙ – ШУМЕН
REGIONAL MUSEUM OF HISTORY – SHUMEN

# КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО И КУЛТУРЕН ТУРИЗЪМ: МУЗЕЙНИ ПЕРСПЕКТИВИ

***Сборник с доклади от Международна научна конференция, посветена на 110-годишнината на Регионалния исторически музей – Шумен***

*25–27 юни 2014 г.*
*Шумен*

Научен ръководител:
проф. д.и.н. Вера Бонева

---

# CULTURAL HERITAGE AND CULTURAL TOURISM: MUSEUMS' PERSPECTIVES

***International Scientific Conference dedicated to the 110th anniversary of the Regional Museum of History – Shumen***

*25–27 June 2014*
*Shumen*

Scientific Director:
Prof. Dr. Sc. Vera Boneva

**Шумен, 2014**

От 25 до 27 юни 2014 г. в Шумен се проведе Международна научна конференция: „КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО И КУЛТУРЕН ТУРИЗЪМ: МУЗЕЙНИ ПЕРСПЕКТИВИ", организирана по повод 110 години от откриването на Историческия музей – Шумен. Конференцията премина под патронажа на Министерството на културата – София. Главни организатори са: Община – Шумен и Регионален исторически музей – Шумен. Участие взеха **90** историци, музейни специалисти и преподаватели във Висши учебни заведения от страната и чужбина, разделени в четири направления:

**I.** Музеят – ключов фактор за опазване и популяризиране на културното наследство

**II.** Музеят, държавата и културният туризъм

**III.** Музеят, пазарът и културният туризъм

**IV.** Музеят, туризмът и другите културни индустрии

Том 16 на Известие на Историческия музей – Шумен съдържа доклади и съобщения от настоящата конференция.

# ИНСТИТУТОТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ" - СКОПЈЕ, МУЗЕЈ НА НАРОДНИТЕ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

*Горанчо Ангелов*

# INSTITUTOT ZA FOLKLOR „MARKO TSEPENKOV" - SKOPYE, MUZEY NA NARODNITE MUZICHKI INSTRUMENTI

# FOLKLORE INSTITUTE MARKO TSEPENKOV - SKOPJE, MUSEUM OF MUSICAL INSTRUMENTS

*Gorancho Angelov*

***Abstract.*** *Museums as one of the key institutions for the preservation of material cultural heritage, conservationists are kind of what is produced in the past, creating the present and preserve from oblivion elements that were key to the survival of a nation. The institutions dealing with research and conservation of all that made our ancestors, have an obligation, to protect the find and the future generations to bring the cultural heritage of their ancestors built and transmitted across generations, from generation to generation. Their mission to explore music work, vocal and instrumental music tradition, are kind musical archaeologists that during their research experience a variety of musical instruments that served or are still serving the people in certain regions. Bearing in mind that these folk musical instruments in the past were made exclusively by hand with primitive tools, for us they are unique ethnological heritage. Musical instruments and tools that were made, should be collected and preserved in institutes dealing with research on musical instruments and exhibit in museums or in the Institute, which will become available to the general public. In our paper will encompass musical instruments owned by the Institute of folklore „Marko Cepenkov" in Skopje which was collected by researchers from the Institute. Through the given photos and details of their origin, method of producing the tone and if the maker of the instrument is known, when it is produced, by the publication of this paper will give some contribution to the promotion of musical instruments collected over a longer time interval, the establishment of the institute until today.*

Музиката како привилегија на музички талентираните луѓе претставува дар од природата а оној кој што го поседува овој дар, треба да го негува и несебично да го пренесува на идните поколенија. Талентираниот пеаче во можност секаде со себе да ја носи и да ја презентира песната која ја научил од своите предци додека народниот инструменталист покрај него, мора да го има и својот музички инструменти. Инструменталистот како носител на инструменталната музичка традиција, мора да поседува музички инструмент преку кој ќе ги пренесува своите музички чувства.

„Кога говориме за музички инструмент како средство за произведување на тон, јасно е дека тој треба да биде изработен врз основите на природните акустички принципи и закони. Музичкиот инструмент обично е изработен на тој начин да ја задоволи културната традиција во определена ситуација, време и простор, задоволувајќи го притоа вкусот и стилот на една епоха или социјал-

на средина, во исто време одговарајќи и на потребите на обичаите, ритуалите и репертоарот што таа средина го наметнува и бара“[1].

Потребата од музички инструмент наметнува одредени процеси кои се потребни во изработувањето на инструментот и доведување во состојба на него да се свири и да ги задоволи музичко-естетските потреби на инструменталистот и околината.

Во поглед на изработувањето на музички инструменти, нашите истражувања на терен не доведоа до заклучок дека во минатото, поголем дел од инструменталистите сами си ги изработувале своите исчтрументи. Оние пак што не биле во можност сами да си изработат инструмент, набавувале од изработувачи-градители на музички инструменти кои освен за свои, изработувале музички инструменти и за потребите на останатите свирачи. Она што ние го забележуваме е континуирано намалување на интересот за свирење на народни музички инструменти кое со себе повлекува и намалување на нивното изработување. Одејќи во крајност, неминовно се наметнува прашањето, до кога овие инструменти ќе бидат во употреба од страна на населението и што доколку еден ден, исчезнат? Одговорот на ова прашање лежи токму во институциите кои се задолжени за зачувување на овие елементи од музичкиот фолклор.

Институциите задолжени за чување на народното творештво кое се таложело со векови претставуваат чувари на минатото, сегашноста и секако, на иднината. Голем број на институции кои се бават со истражувања, располагаат со архивиран фонд на теренски материјали од областа на духовното и материјалното творештво на луѓето. Институтите како високи научни и образовни институции, како предмет на интерес имаат конкретни области кон кои го насочуваат својот истражувачкиот потенцијал а резултатите ги произнесуваат преку публикување на постигнатите резултати.

Нашето истражување поврзано со музичките инструменти го фокусиравме во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје. Овој институт ако не се бави со музејска дејност, претставува своевиден музеј на народни музички инструменти. Ако основната дејност на музеите е собирање и складирање на народната оставштина и секако, нејзино доближување на пошироката јавност, институтот за фолклор покрај другите области, го опфаќа и музичкото творештво.[2] Овој институт е формиран во 1950 година како институција задолжена за истражување и архивирање на целокупното духовно и материјално фолклорно творештво на народите кои живеат во Р. Македонија. Во рамките на институтот работат и оддели за етномузикологија и етноорганологија кои како примарна цел го имаат истражувањето на музичкото, вокално и инструментално творештво. Музичките инструменти како носители на инструменталната музичка традиција предизвикале интерес кај неколкумина вработени кои го истражувале овој сегмент од музичката култура и даваат солидни информации за состојбата на терен како и околу традиционалното изработување на музичките инструменти.[3] Зачуваните фотографии со музички инструменти како и самите музички инструменти во институтот за фолклор ни овозможуваат да ја запознаеме нивнита конструкција и донекаде, начинот на изработување на составните делови на инструментот.[4]

Музичкиот инструмент како етнолошки предмет или музејски експонат, претставува само „парче дрво“ и по ништо не се разликува од останатите предмети кои биле во секојдневан употреба од страна на човекот. Кога ова обработено и обликувано парче дрво се најде во рацете на талентиранниот инструменталист а од него почнува да се слевамузика, тоа веќе не претставува само експонат туку функционален музички инструмент. Музичките инструменти со кои располага институтот се изработувани во различен временски период со што овозможуваат хронолошко следење на нивната еволуција. Во институтот за фолклор наидовме на повеќе инструменти кај кои тонот се добива на неколку начини: со дување, тресење, треперење на затегнати жици или со удирање по затегната мембрана.[5] Фотографиитесо музички инструменти како и големиот број на целосно или делумно зачувани инструменти ни овозможуваат да ја запознаеме нивнита конструкција и донекаде начинот на изработување на составните делови на инструментите како и материјалот од кој се изработени.[6]

Во Република Македонија, народнитемузички инструменти се негувале претежново руралните средини кои претставувале своевидни културни центри и чувари на постарата вокална и инструментална традиција. Со појавата на миграција од руралните кон градските средини, отпочнува еден процес на постепено оддалечување од природната средина во која се негувале овие инструменти.

Со физичкото оддалечување се напуштаат и природните услови во кои егзистирале музичките инструменти и инструменталната музика воопшто. Ова значело и оддалечување од местото за набавка на материјали од кои се изработуваат музичките инструменти.[7] Континуитетот на изработување на музичките инструменти зависел од нивната примена и прифаќање од локалното население односно прифаќање онаму каде што биле пренесувани надвор од нивната природна, рурална средина.[8]

„Поради различноста на музичките инструменти и нивните бројни локални варијанти се подразбира дека ќе се разликува и нивната ергологија и технологија и дека не зависат само од типот на инструментот, туку и од регионот во кој се изработуваат. Од што ќе биде изработен одреден инструмент, најмногу зависело од материјалот кој преовладува во тој регион“[9].

Дрвото како природен материјал кој се наоѓал насекаде околу човекот е и најкористениот материјал за изработување на музички инструменти, од најпримитивните кај кои се добиваат само неколку тонови па се до посложените, со поголеми тонски можности. Друга причина за користење на дрвото е што тоа било најпогодно за обработување а соодредени процеси сеобликувало во саканата форма.

„Од создавањето на светот па до денес, дрвото како материјал неразделно ги придружувало сите фази на човечкиот живот и битно влијаело на неговиот опстанок и на еволуцијата на неговиот род. Не напразно прастариот човек на некои дрвја им давал култно значење или ги прифаќал и толкувал како божества“[10].

Покрај дрвото, како материјал од кој се изработувале музички инструменти биле коски од животни, рогови од животни (најчесто од рог од бивол), и понекогаш и од метал. Некои инструменти се изработени од комбиниран материјал како дрво и рогови, дрво и метал или исклучиво само од еден материјал. Инвентивноста кај изработувачите на инструменти е мошне голема и соодветно на нивниот индивидуален напредок тие ги комбинираат овие материјали. „...Понекогаш е доволен само еден краток поглед на некој музички инструмент, односно на неговата орнаментика (украсеност), и врз основа на неговата надворешна форма да се констатира од каде потекнува и на каква културна средина припаѓа“[11].

Во поглед на орнаментиката на инструментите, кај поголем дел од инструментите во институтот за фолклор забележавме присуство на украсни елементи. Во минатото, украсувањето на музичките инструменти било поврзано со одредени верување и на нив им се придавало магиска моќ додека во денешно време, овие орнаменти ја збогатуваат естетска вредност на инструментот а преку нив изработувачите создаваат сопствен изработувачки израз. Украсувањето најчесто се изработуваат со резба. Понекогаш резбата се нагласува со користење на боја или тенка жица кој се вметнува во резбарените елементи. Со украсувањето, на инструментот му се збогатува и визуелната страна со што добива поголема естетска вредност.

Преку континуираните истражувања, следењето на состојбите и конзервирањето на музичките инструменти од страна на институтот за фолклор и на поединци кои се бават со оваа проблематика, се допринесува за зачувување и афирмирање на музичките инструменти во нивната автентична форма. Во продолжение ќе приложиме фотографии од дел од музичките инструменти кои што се во сопственост на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје.

## ПРИЛОГ

Фотографии на дел од музичките инструменти во сопственост на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" – Скопје.



*Фотографија 1. Ќемане во неколку форми*



*Фотографија 2. Тамбура*



*Фотографија 3. Свирка изработена од коска од животно*



*Фотографија 4. Свирка од врба*



*Фотографија 5. Свирка од трска*



*Фотографија 6. Голем и мал дудук изработени од дрво и од рог од бивол на усникот и на крајот*



*Фотографија 7. Гајдарки и брчало изработени од дрво и завршеток од рог од бивол*



*Фотографија 8. Гајдарки и брчало изработени од рог од бивол*



*Фотографија 9. Шупелка изработена од дрво со рог од бивол на усникот и крајот*



*Фотографија 10. Шупелки изработени од дрво со изразена орнаментика*



*Фотографија 11. Шупелка изработена од метал*



*Фотографија 11. Шупелка изработена од метал*



*Фотографија 13. Кавали во различни димензии*



*Фотографија 14. Зурли (Каба, Орта и Џура со мерка за димензии)*

## БЕЛЕЖКИ

[1] **Gojković Andrijana,** 1989, *Narodni muzićki instrumenti*, Vuk Karadžić, Beograd.

[2] Одредени музеи во Република Македонијана во своите рамки располагаат и со одделили во кои се изложени народните музички инструменти кои со текот на времето се среќавале на терен а се користеле од страна на населението кое живеело или сѐуште живее на овие простори. Музејот на Македонија во Скопје располага со еден поголем број на музички инструменти кои биле собирани од вработените во музејот и истите се изложени со што, покрај на стручната, стануваат достапни и на пошироката јавност.

[3] Заслугата која што ја имаат истражувачите на инструменталното музичко творештво е огромна со тоа што, преку нивните истражувања и публикување на истите, зачувани се од заборав и исчезнување дел од музичките инструменти кои биле негувани во руралните средини а во денешно време некои се сосема исчезнати. Истражувањата поврзани со музичките инструменти кои што во рамките на институтот за фолклор ги вршат етномузиколозите д-р Александар Линин и д-р Боривоје Џимревски а се вршени во време кога сеуште била жива инструменталната музичка традидија се од непроценлива вредност. И ден денес, нивните трудови претставуваат основа за компаративни истражувања кои ни ги произнесуваат состојбите со музичките инструменти во минатотот и денес.

[4] Сознанијата кои се темелат на фотографиите и зачуваните инструменти ги поткрепуваме и преку музичките инструменти кои ги среќаваме кај иконите и фреските во црквите и манастирите и во народната поезија што зборува за нивната улога во минатото. Овие извори ни го прикажуваат и начинот на добивање на тон и во кои прилики се употребувале музичките инструменти.

[5] Современата класификација која е општоприфатена во светот е направена од Ерих Марија фон Хорнбостел (Erich Maria von Hornbostel, 1877–1935), австриски музиколог, претставник на модерната систематска етномузикологија. Посебно се занимавал со воневропските народи и со тонска психологија и Курт Сакс (Kurt Sachs,1981-1959), германски музиколог и етномузиколог чии главни дела се од областа на музичките инструменти. Оваа класификација за првпат е публикувана во германското списание *Zeitschrift für Ethnologue* во 1914 година, тргнува исто така од материјата како извор на звук (цврсти и гасовити тела), како и од начинот на произведување на тонот (со помош на удирање, треперење, тресење, трлање). Сите музички инструменти што се употребуваат во уметничката и фолклорната музика ги поделиле на четири главни групи кои понатаму се делат во подгрупи произлезени од главните групи со следниот редослед: *идиофони, мембранофони, кордофони и аерофони.* Оваа класификација на музичките инструменти на современи научни принципи и денес с⊠ уште служи како најприфатлива систематизација.

[6] Сознанијата кои се темелат на фотографиите и зачуваните инструменти ги поткрепуваме и преку музичките инструменти кои ги среќаваме кај иконите и фреските во црквите и манастирите и во народната поезија што зборува за нивната улога во минатото. Овие извори ни го прикажуваат и начинот на добивање на тон и во кои прилики се употребувале музичките инструменти.

[7] И во минатото и денес, музичките инструменти се изработуваат претежно од дрво.

[8] Според сите досегашни истражувања констатиравме дека некои музички инструменти се позастапени во однос на други во зависност од врските кои постоеле помеѓу одредени населени региони.

[9] **Gojković Andrijana**, 1989, *Narodni muzićki instrumenti*, Vuk Karadžić, Beograd, 14

[10] **Чајканович Веселин,** *О магији и религији - култ дрвета и биљки код старих Срба*, Просвета, Београд, 1985, 102–116 [**Chaykanovich Veselin**, O magiyi i religiyi – kult drveta i bilki kod starih Srba, Prosveta, Beograd, 1985, 102–116]

[11] **Gojković Andrijana**, Muzićki instrumenti – Mitovi i legende, simbolika i funkcija, Beograd, 1994, 59